ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

**Број:___________**
**_________________ 2018 година**

**До: ЈЗУ/ПЗУ____________________**
**Лекарска/Стоматолошка/Фармацевтска комора**
**Здружени на приватни лекари/стоматолози**

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Фондот за здравствено осигурување на Македонија и претходно Ве извести дека сите заинтересирани корисници на електронските услуги на Фондот согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информацискиот систем на ФЗОМ достапни на Веб порталот ( „Службен весник на РМ“ бр. 184/2017 година) и Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ( „Службен весник на РМ“ бр. 146/2018 година), во наредниот период можат по сопствено видување да направат набавка на квалификуван дигитален сертификат од еден од двата овластени издавачи на сертификати Македонски Телеком или КИБС.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во периодот кој што помина презеде активности и направи адаптација на софтверските решенија во информацискиот систем и истите ќе бидат во функција и со можност за користење на квалификувани дигитални сертификати.

Со оглед на тоа дека произлегоа извесни дилеми и прашања во поглед на користењето на квалификуваните дигитални сертификати од страна на овластените лица на здравствените установи, Ве известуваме за следното:

Согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, пристап, издавање, чување и заштита на податоците од информацискиот систем на ФЗОМ достапни на Веб порталот ( „Службен весник на РМ“ бр. 184/2017 година) е овозможено овластените лица на здравствените установи и ортопедските куќи поднесувањето на електронските фајлови за финансиска документација согласно со договорите склучени со Фондот, да ги вршат преку Веб порталот на Фондот и истите електронски да ги потпишуваат со валиден квалификуван дигитален сертификат.

ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Додека пак според Правилникот за изменување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ" бр. 146/2018 година), доколку осигурените лица и лекарот немаат електронска здравствена картичка, верификацијата на направениот избор на лекар/ промена или одјава на лекар ја врши лекарот со дигитално потпишување со валиден квалификуван дигитален сертификат.

Исто така укажуваме и на тоа дека Фондот во овој период забрзано работи на подготовка на софтверско решение склучувањето на новите договори со здравствените установи за 2019 година да се одвива електронски преку Веб порталот на Фонодот преку кој овластените лица ќе можат да го потпишат договорот со валиден квалификуван дигитален сертификат.

Во услови кога овластеното лице во здравствената установа, според податоци од Централниот регистар на РМ, е избран лекар/стоматолог/фармацевт кој работи во истата здравствена установа тогаш тој може со својот квалификуван дигитален сертификат да направи избор на лекар, промена или одјава на лекар, да поднесе електронски фајлови за финансиска документација преку Веб порталот на Фондот како и електронски да го потпише договорот со Фондот за 2019 година, тогаш кога за тоа ќе се создадат услови.

Доколку овластеното лице во здравствената установа не е избран лекар во истата, тогаш избраниот/е лекар/и кои се дел од лекарскиот тим и имаат договор со Фондот , а немаат валиден сертификат од електронската здравствена картичка, треба да набават свој квалификуван дигитален сертификат со цел да можат преку Веб порталот на Фондот да вршат избор на лекар, промена или одјава на лекар.

Напоменуваме дека сите регистрирани лица со корисничко име на порталот на Фондот (лекари, стоматолози, фармацевти, овластени лица од здравствените установи и правните субјекти и останати) кои сеуште имаат валидна електронска здравствена картичка и понатаму ќе можат да ја користат истата, освен во делот на потпишувањето на договорите.

Доколку овластените лица од здравствените установи според евиденцијата од Централен регистар на РМ, немаат профил за најава на Веб порталот на Фондот истите за потребите на потпишувањето на договорите во периодот кој претстои треба да поднесат барање (во писмена или електронска форма) во подрачните служби на Фондот, со цел да се овозможи пристап кон истиот.

ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 037
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Ја користиме оваа прилика да укажеме и на тоа дека Фондот континуирано работи на проширување и воведување на нови електронски услуги кои ќе се користат со употреба на квалификуван дигитален сертификат, за што навремено ќе Ве известиме.

Со почит,

**Директор**
**Данаил Дончев**

**Директор**
**Орхан Рамадани**
**Orhan Ramadani**

Изработиле: м-р Татјана Ѓоргиева
м-р. Даниела Јовческа - Ѓуровска
Согласни: Јасмина Смилевска
д-р Гоце Гаврилов